**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 26.02.2024 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 0304 | 1008/1 | | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21 и 154/23) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13 и 13/14), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** контролен

2. **Субјект на надзорот:** Друштво за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, издавач на „The Economist“, и тоа:

   - изданието бр. 6 на „The Economist“ од декември 2023 година

3. **Датум на извршување на надзорот:** 26 февруари 2024 година

4. **Предмет на надзорот:** Контролниот надзор се врши за да се констатира дали Друштвото за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје постапило по решението за преземање мерка – јавна опомена, кое Агенцијата го донесе на 30.05.2023 година, по извршен вонреден административен надзор над овој издавач на печатен медиум. Вонредниот надзор беше извршен на 06.04.2023 година и со него беше констатирано дека овој издавач на печатен медиум не ја исполнил во целост обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која *„Издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум; име на одговорното лице на издавачот на медиум; име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум“.* Имено, издавачот на печатен медиум, во изданието бр. 5 на „The Economist“ од јануари 2023 година, не ги објавил податоците за: адресата на седиштето на издавачот на медиумот, адресата на печатницата, датумот на печатење или препечатување и бројот на печатени примероци.

5. **Претходно изречена мерка:** На 30.05.2023 година, за непочитување на член 14 став 1 од Законот за медиуми, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе Решение за преземање мерка – јавна опомена (бр. 03-199 од 30.05.2023 година) на Друштвото за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, по спроведен вонреден административен надзор (Писмен извештај за извршен административен надзор бр. 03-1756/1 од 06.04.2023 година). Со изречената мерка му наложи на

издавачот на печатен медиум, во рок од 30 дена од денот на применот на Решението (27.06.2023 година), да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

6. **Констатации од надзорот:** Со контролниот надзор е констатирано дека Друштвото за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје **делумно постапило** по решението за преземање мерка – јавна опомена, односно од податоците за чиешто необјавување претходно беше опоменето, во изданието бр. 6 на „The Economist“ од декември 2023 година ги објави само подаците за адресата на печатницата, датумот на печатење или препечатување и бројот на печатени примероци.

7. **Опис на прекршувањето**: Спротивно на член 14 став 1 од Законот за медиуми, Друштвото за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, во изданието бр. 6 на „The Economist“ од декември 2023 година не ги објавило податоците за адресата на седиштето на издавачот на медиумот (кои не ги објавило ниту во изданието бр. 5), а дополнително не ги објавило и податоците за адресата на уредништвото на издавачот на медиумот.

8. **Предлог мерка:** Имајќи предвид дека Друштвото за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје и покрај решението за изрекување мерка – јавна опомена (донесено на 30.05.2023 година) не ја отстрани во целост повредата на Законот за медиуми и продолжи со вршење на истата, се дава следната предлог мерка:

- Согласно член 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 29 став 2 од Законот за медиуми, Советот на Агенцијата да донесе решение за преземање мерка – јавна опомена на Друштвото за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, и во согласност со Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст бр. 01-4139/1 од 07.11.2022 година) да му даде рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со Законот за медиуми. Согласно точка 14 од ова Упатство „*За констатираните прекршувања во тековната година, за кои веќе биле изречени мерки во претходната година, Советот на Агенцијата повторно ќе изрече мерка јавна опомена според роковите утврдени во ова Упатство*“ и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил) по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права***